**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И НИВНИТЕ ФУНКЦИИ ВО ОРКЕСТАРОТ И ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ“ -УНИВЕРЗИТЕТСКИ УЧЕБНИК ОД АВТОРИТЕ ВОНР. ПРОФ. Д-Р СТЕФАНИЈА ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА И ВОНР. ПРОФ. М-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката бр.1902-121/5 од 04.11.2014, донесена на 11. редовна седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија одржана на 4 ноември 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Аида Ислам, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис за универзитетски учебник **„ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И НИВНИТЕ ФУНКЦИИ ВО ОРКЕСТАРОТ И ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ“ од авторите вонр. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и вонр. проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска** наменет за студентите од прв циклус студии на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, комисијата до Наставно-научниот совет на Музичката академија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Е-учебникот „Познавање на музичките инструменти и нивните функции во оркестарот и основи на музичките форми“ е наменет за студентите од првиот циклус студии на Музичката академија за предметите: Познавање на музички инструменти, со фонд на часови 2+2+1 со 6 ЕКТС и Основи на музичките форми со анализа 1, со фонд на часови 2+2+2 со 4 ЕКТС. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со студиската програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

***Податоци за обемот на ракописот***

Приложениот ракопис се состои од три тематски целини:

Музички инструменти; 2. Основни функции на музичките инструменти во оркестарот; 3. Основи на музичките форми. Материјалот во учебникот е презентиран на 240 страници, А4 формат, со нормален проред, распореден во три тематски поглавја и 18 потпоглавја. Ракописот содржи 125 слики и нотни примери, како и табеларен приказ. Обемот на ракописот по содржина целосно ги задоволува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто соодветствува на наставната програма по предметите Познавање на музички инструменти и Основи на музичките форми со анализа 1, на Музичката академија при УГД не е објавен. Со тоа се потврдува реалната потреба за публикување на учебник за изучување на овие теориски предмети на македонски јазик.

***Краток опис на содржината***

Учебникот во ракопис е напишан во разбирлив стил со што се овозможува лесно совладување на содржинскиот корпус. Содржи многу информации со цел да се прошират знаењата на студентите, не само од областа на музичките инструменти и музичките форми, туку овој ракопис може да се користи за повеќе стручни предмети, за сродни и слични области.

Ракописот е презентиран со предговор и три поглавја, како и соодветни поднаслови во секое поглавје, по што следи користена литература во која се наведени сите цитирани автори од домашната и странска стручна и научна област.

1. Првата глава од учебникот „**Музички инструменти**" содржи шест поглавја, а секое поглавје опфаќа повеќе тематски целини и наслови. Започнува со воведен дел за музичките инструменти од уметничката музика, во кој се дадени податоци за значењето и хронологијата на поимот, како и различните класификации според материјалот на изработка (дрвени, метални), според спецификите кои произлегуваат од самата градба и начинот на добивањето на звукот. Поглавјата кои следуваат се систематизирани врз општата поделба на музичките инструменти редоследно поставени во музичката партитура во пет групи: дувачки, ударни, жичени, клавијатурни и гудачки инструменти, дополнети со орфовиот инструментариум. Кај овие групи, сите инструментите засебно се детално обработени од неколку аспекти: градба и конструкција, техничко-репродуктивни карактеристи и начини на интерпретација. Овие податоци се претставени на систематичен и прегледен начин заокружен со еден историски осврт за нивниот еволутивен развиток и застапеност во музичката уметност, преку примери од значајни дела од македонското и светско музичкото творештво. Претставената содржина во овој дел од учебникот е во функција на синтетизирање на сознанијата за опфатените музички инструменти и заокружување на целосната слика особено кога станува збор за нивната употреба во секојдневната музичка практика во сферата на уметничката музика.

2. Втората глава од учебникот **„Основни функции на музичките инструменти во оркестарот"**, содржи три поглавја со повеќе поднаслови проследени преку нивната употреба во оркестарот. Развојот на оркестарот е директно поврзан со развојот на инструменталните форми и операта кои го поттикнале организираното ансамблово музицирање. Оркестрацијата е постапка со која композиторот при разработка на оркестарската партитура ги утврдува улогите на поединечните инструменти и нивните групи и произлегува од креативноста на творечкиот чин на композиторите. Затоа во самата оркестрацијата се содржани комплексни елементи од многу композитори, стилските периоди и творечките правци. Успешната оркестрација подразбира првенствено (1) познавање на конкретниот звук на секој инструмент и колористичките можности; (2) поврзаноста на тонските бои на инструменти со другите параметри на музиката, и тоа мелодијата, хармонијата, ритамот, метарот, тематизмот, драматургијата. Постапката на изработка на оркестрација, без оглед на видот на ансамблот при реализирање на музичката идеја и творечката концепција, практично опфаќа неколку значајни фази:избор на оркестар и негов инструментариум;поставување на партитура и групирање на инструментите при изведба и дефинирање на основните функции: мелодиска, хармонска и метро-ритмичка функција. Бидејќи оркестрирањето е условено со изведувачко-техничките карактеристики на избраниот инструментариум, дополнително ќе се задржиме и на неколку фактори на општата оркестарска фактура: звучна боја, тембр, динамика, артикулација и агогика.

3. Трета глава е насловена **„Основи на музичките форми"** и содржи шест поглавја со повеќе поднаслови. Се обработува еден од најсложените феномени на музичкото дело структурата на неговата содржина-музичката материја и начинот на нејзиното излагање. Формалната рамка во која композиторот ги изнесува своите музички идеи е дефинирана како музичка форма. Авторите на учебникот во оваа тематска целина се осврнуваат на значењето и кусиот историските развој на формата на музичкото дело. Започнувајќи од најмалите музичко градбени елементи- мотив, фигура, пасаж, тие доаѓаат до првите самостојни формални целини или простите музички форми преставувајќи ги едноделната, дводелната и троделната форма. Притоа детално се опфатени сите начини на работата со музичкиот материјал преку мелодиските, ритмичките, динамичките и хармонските

промени, како и видовите на повторувања, варирања, проширувања и скратувања. Всушност, можноста за примена на различни постапки на работа со музичкиот материјал претставува една од најважните композициски техники, гледано низ историјата на музиката уште од барокот па сè до денес. Поголемите музички целини, тема, реченица и период, се обработени според нивните најзначајни карактеристики кои произлегуваат од нивната должина, начинот на хармонската организација и структура на тематскиот материјал. Притоа авторите ги истакнуваат конкретните улоги и функции на помалите и поголемите музички целини во рамките на едно музичко дело. Оформувањето на тоа дело и градењето на една музичка форма користи различни музички материјали за кои се применуваат и различни начини на нивно претставување, детлано и редолседно елаборирани. На тој начин е утврден видот на претставување на музичката материја кој најмногу зависи од *функцијата* која таа материја ја понесува согласно местото и улогата внатре во рамките на делото.

Списокот на користена литература содржи листа од 62 наслови од домашна и меѓународна стручна и научна литература, кои во ракописот соодветно се цитирани.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот **„ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И НИВНИТЕ ФУНКЦИИ ВО ОРКЕСТАРОТ И ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ“** пријавен од авторите **вонр. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и вонр. проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска** соодветствува на содржините на студиските програми на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од предметите, така и на пошироката јавност.

Според напред изнесеното, Комисијата во горенаведниот состав му предлага на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебник **„ПОЗНАВАЊЕ НА МУЗИЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ И НИВНИТЕ ФУНКЦИИ ВО ОРКЕСТАРОТ И ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ“** пријавен од авторите **вонр. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и вонр. проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска** и да го одобри за користење како **универзитетски учебник** и негово публикување во електронската библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Аида Ислам, редовен професор**
**Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор**
**Музичка Академија Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**